# ВАСИЛ ИЉОСКИ

## (БИО-БИБЛИОГРАФИЈА)

Васил Иљоски е роден на 22 декември 1902 година во Крушево. Во родното место учи основно училиште, а во Куманово, каде што татко му е на печалба, и каде што му се преселува семејството, учи и завршува гимназија. На Филозофскиот факултет во Скопје студира литература и дипломира во 1926 година.

Работи како суплент во Гимназијата во Куманово. Од политички причини, во 1929 година, е отпуштен од државна служба. Одново е назначен во Гимназијата во Плевља, потоа преместен во Алексинац, а во 1935 година во Скопје.

По ослободувањето е директор на првата македонска гимназија во Скопје. Потоа, по потреба, работи во Народната библиотека, во Македонскиот народен театар, како директор на Театарската школа, како професор на Педагошката академија во Скопје. На последнава должност е пензиониран во 1966 година.

За сето време по ослободувањето учествува во работата на општествени, просветни и културни органи, во комисии, редакции и совети: во Комисијата за првиот правопис на македонскиот литературен јазик, во редактирањето на првиот учебник за македонски јазик за горните одделенија на осумгодишните училишта, во редакциите на „Литературен збор“, „Современост“, во републичките совети за просвета, култура, во советите на: Македонскиот народен театар, Институтот за македонски јазик, Народната и универзитетска библиотека и друго.

Бил член на управите на Друштвото на писателите и на Здружението на наставниците по македонски јазик и литература.

Носител е на поголем број награди и одликувања, меѓу кои наградите: АВНОЈ, „11 Октомври“, „Кочо Рацин“ и наградата за книжевен опус на книгоиздателството „Мисла“.

За редовен член на Македонската академија на науките и уметностите е избран во 1967 година.

Васил Иљоски го зазема видното место во развитокот на македонската литература и култура меѓу носителите на македонската книжевна и културна преродба – Миладиновци, Прличев, Мисирков, Чернодрински, Рацин, Вапцаров, Панов и Крле.

Творештвото на Васил Иљоски се идентификува со драматичните и храбри напори на нашите литературни и културни дејци од овој век и половина.

Литературната работа ја започнува во гимназиската литературна дружина. Неговата генерација матуранти во 1922 година му ја изведува едночинката „По матурата“, делумно на македонски јазик. Во 1928 година Театарот во Скопје ја поставува „Бегалка“ („Ленче Кумановче“), а во 1936 година – „Чорбаџи Теодос“.

Автор е на делата: „Пиши Панче“ (пиеска, 1947), „Бегалка“ (пиеса, 1950), „Чест“ (драма, 1953), „Чорбаџи Теодос“ (комедија, 1962), „Свадба“ (комедија, 1976). Објавил низа научни трудови од областа на филологијата, фолклорот и литературата. Неговото творештво најинтересно е претставено во тритомниот „Избор“ (1978, прв том: Бегалка, Чорбаџи Теодос, Чест, Кузман Капидан; втор том: Млади синови, Окрвавен камен, 2 : 1, Допирни точки, Свадба; трет том: научни и есеистички трудови).

Неговите драми се поставувани на голем број театарски сцени, изведувани како радио и ТВ драми.

1946 *Делото на Кирил и Методија и идејата за славјанското единство.* – Нов ден, 1946, II, 4–5, стр. 84–95.

1947 *Пиши Панче* : пиеска во два чина. – Скопје : Државно книгоиздателство на НР Македонија, 1947. – 40 стр.

1948 *Пред ревидирањето на нашиот правопис.* – Нова Македонија, 4. IV 1948.

1950 *Бегалка* : пиеса во пет чина. – Скопје : Државно книгоиздателство на НР Македонија, 1950. – 134 стр.

*Прашањето за употребата на релативните значења кој-што, што, кој.* – Македонски јазик, 1950, I, 3, стр. 84–91.

1951 *Његош, поет на борбата за слобода.* – Современост, 1951, I, 4, стр. 82–88.

1953 *За книгата на Крсте Мисирков „За македонцките работи“.* – Современост, 1953, III, 10, стр. 3–9.

*За поетскиот лик на Кочо Рацин.* – Современост, 1953, III, 6, стр. 86–103.

*Чест* : драма во четири чина. – Скопје : Кочо Рацин, 1953. – 71 стр.

1954 *Епски песни.* – Разгледи, 1954, I, 12, стр. 10.

*Јазикот и литературата.* – Разгледи, 1954, I, 3, стр. 13.

*Македонските народни приказни.* – Разгледи, 1954, I, 22, стр. 9.

*Најважните собирачи на македонските народни умотворби.* – Разгледи, 1954, I, 23, стр. 6; 24, стр. 19.

*Народната усмена литература.* – Разгледи, 1954, I, 11, стр. 10–11.

*Народни ајдучки песни.* – Литературен збор, 1954, I, 1, стр. 3–13.

*O makedonskim narodnim pripovjetkama.* – Makedonske narodne pripovjetke. – Sarajevo : Svjetlost, 1954, str. 5–37.

*Општа карактеристика на епските песни.* – Разгледи, 1954, I, 13, стр. 10.

*Поважни мотиви и елементи во поедините видови наши народни приказни.* – Литературен збор, 1954, I, 3–4, стр. 137–152.

1955 *Многу векови и една деценија.* – Современост, 1955, V, 5, стр. 348–354.

*Син и татко.* – Стремеж, 1955, II, 4–5, стр. 1–7.

1956 *Комиката на Јован Стерија-Поповиќ.* – Современост, 1956, VI, 3, стр. 131–142; 4, стр. 257–269.

*Крсте Мисирков и македонското прашање.* – Современост, 1956, VI, 7–8, стр. 517–530.

1957 *Фактите и вистината.* – Литературен збор, 1958, V, 3, стр. 137–147.

1959 *За врската и односот меѓу книгата и читателот.* – Современост, 1959, IX, 1, стр. 72–80.

*За оформувањето и за развитокот на современиот наш литературен јазик.* – Литературен збор, 1959, IV, 1, стр. 1–16.

*Допирни точки* : (Дијалози во два дела). – Современост, 1959, IX, 9–10, стр. 791–841.

1960 *И ловоров и трнов венец (Григор Прличев).* – Современост, 1960, X, 5, стр. 423–437.

1961 *Крсте П. Мисирков (1874–1926).* – Македонска књижевност. – Београд : Српска књижевна задруга, 1961, стр. 119–147.

1962 *Стогодишнината на браќа Миладиновци.* – Современост, 1962, XII, 1, стр. 3–7.

*Чорбаџи Теодос* : комедија во три чина. – Скопје : Кочо Рацин, 1962. – 97 стр.

1963 *Хуманизмот на делото на Кирил и Методија.* – Современост, 1963, XIII, 6, стр. 351–364.

1964 *Први на Марс.* – Нова Македонија, 29, 30. XI и 1. XII 1964.

*Шатор и телефон* : радио-драмска хумореска. – Современост, 1964, XIV, 6, стр. 533–552.

1965 *Дилемите на писателот пред социјалистичката стварност.* – Современост, 1965, XV, 4, стр. 97–104.

*Оформувањето и развитокот на македонскиот литературен јазик.* – Современост, 1965, V, 5, стр. 277–288.

1966 *Избор* : (Бегалка; Чорбаџи Теодос; Кузман Капидан). – Скопје : Кочо Рацин, 1966. – 293 стр.

1968 *Бегалка* : комедија во 5 чина. – Скопје : Издавачко претпријатие „Просвета“, 1968. – 75 стр.

1969 *Театар во манастир.* – Пристапни предавања, прилози и библиографија на првите членови на МАНУ, 1969, стр. 45–51.

1970 *Варијанти со свадбени мотиви во фолклорниот комплекс обред, песна, игра и драма.* – Прилози – МАНУ : Одделение за општествени науки, 1970, I, 1, стр. 17–40.

1973 *Бегалка* : комедија во пет чина. – Скопје : Мисла, 1973. – 121 стр.

*За македонските народни приказни.* – Македонската книжевност во книжевната критика. – Кн. 1. – Скопје : Македонска книга, 1973, стр. 391–416.

# СОДРЖИНА

Акад. КСЕНТЕ БОГОЕВ

Говор на комеморативната седница одржана на 3 ноември во Македонската академија на науките и уметностите ........................ 9

Акад. ГЕОРГИ СТАРДЕЛОВ

Говор на комеморативната седница одржана на 3 ноември во Македонската академија на науките и уметностите ........................ 13

Д-р АЛЕКСАНДАР АЛЕКСИЕВ

Говор на комеморативната седница одржана на 3 ноември во Друштвото на писателите на Македонија ........................................ 19

СВЕТЛАНА Х. ЈОЦИЌ

Реч одржана пред капелата на гробиштата Бутел ........................ 23

МИРОСЛАВ ИЉОСКИ

Реч одржана пред капелата на гробиштата Бутел ........................ 25

РИСТО СТЕФАНОВСКИ

Говор при закопот ........................................................................ 29

ВАСИЛ ИЉОСКИ

Био-библиографија ........................................................................ 31